# КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИТЕ
# ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ„ООМУ СТЕФАН ГАЈДОВ ВЕЛЕС“ВЕЛЕС

1. Наставникот треба да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава.
2. Наставникот треба да се придржува кон работното време согласно законската регулатива, правилници, наставните планови и програми и одлуките донесени од раководното лице.
3. Наставникот секогаш треба да доаѓа на време на своето работно место и да направи подготовка за часовите.
4. Наставникот треба секогаш да се залага за афирмација на својот предмет.
5. Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот
6. Наставникот да го евидентира отсуството на учениците во својот дневник за педагочка евиденција.
7. Наставникот секогаш и секаде да внимава на својот говор кој треба да е литературен, јасен и достапен
8. Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување во и надвор од училиштето.
9. Наставникот не смее да се изложува во јавноста под дејство на алкохол и дрога.
10. Строго се забранува наставникот да доаѓа на работното место под дејство на алкохол и дрога.
11. Секој наставник треба индивидуално да допринесува за својот личен професионален развој преку следење на актуелните реформи и новини во областа на воспитно – образовниот процес, посета на семинари, работилници, курсеви и користење на современа техногија како и соработка и размена на информации со други наставници и стручни активи.
12. Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик.
13. Наставникот е должен професионално да се однесува за време на часот.
14. Наставникот е должен реално да го оценува знаењето на ученикот,без оглед на другите негови оценки.
15. Наставникот треба да го пофалува и вреднува секој напредок на ученикот.
16. Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи
17. Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички.
18. Наставникот е должен редовно да им помага на учениците преку разни форми на активност.

19. Секој наставник треба да настојува учениците пристојно и дисциплинирано да се однесуваат во училиштето и надвор од него.
20. Наставникот треба редовно и навреме да го повикува и известува родителот-старателот за постигнувањата, однесувањата и проблемите на неговото дете
21. Наставникот треба да го упатува родителот на помош од компетентни лица во ситуации кога за тоа има потреба.
22. Наставникот треба да одржува професионална дистанца со родителите односно старателите на начин на кој нема да воспоставува комуникација надвор од доменот на професионалното однесување.
23. Наставникот не смее да ја користи својата позиција на наставник за да обезбеди лични привилегии.
24. Наставникот треба да го почитува секој свој колега, да се однесува етички кон него, да соработува, разменува мислења и искуства поврзани за работните цели и задачи.
25. Наставникот редовно треба да се ангажира и учествува во работата на стручниот актив на кој припаѓа.
26. Наставникот треба редовно да присуствува во работата на наставничкиот совет во училиштето.
27. Наставникот е должен да ги почитува одлуките на наставничкиот совет.
28. Наставникот треба да е карактер на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница.
29. Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање,соработка,почитување со учениците и другите вработени.

ООМУ СТЕФАН ГАЈДОВ“-В Е Л Е С